# Општи услови за набавка

**Доколку не е поинаку определено во нарачката, важат следниве општи услови за набавка. Деловните услови на Испорачателот или Изведувачот, кои не се признаени изрично во писмена форма, не се обврзувачки, дури ни тогаш, кога нив изрично нешто им противречи.**

1. За нарачки, како и за измени и дополнувања на Договорот е потребна писмена форма. Усни спогодби се важечки само тогаш кога се потврдени писмено.
2. На сите документи што се однесуваат на нарачката се наведува нашиот број на нарачка.
3. Цените наведени во нарачката се фиксни цени, бесплатно испорачани и истоварени на местото на извршување. Било каква опасност преминува на нас дури по испорака и преземање на стоката кај нас на местото на извршување. До овој момент секаква опасност односно одговорност сноси Изведувачот односно Испорачателот. За место на извршување се смета местото на прием наведено во нарачката.
4. За гаранцијата се применуваат Законот за облигационите односи и другите закони и прописи.
5. Фактурите се праќаат во еден примерок на издавачот наведен во нарачката со посебно наведување на данокот на промет.На секоја фактура се наведува нашиот број на нарачка, при што се внимава на тоа, дека една фактура смее да се однесува само на една нарачка. Фактурите, кои не ги исполнуваат овие услови, можат да бидат одбиени од наша страна. Одбиените фактури не се подобни да предизвикаат доспевање на побарувањето наведено во неа.Целта на плаќањето се пресметува кај издавачот кој е наведен во нарачката од добивањето на фактурите односно добивањето на сите документи во врска со испораката/услугата.
6. Изведувачот без писмена согласност не може да отстапува побарувања од Договорот на трети лица, ниту делумно ниту целосно.
7. Изведувачот односно Испорачателот се обврзува, сите комерцијални, правни и технички информации, кои ќе му бидат достапни преку деловната соработка, да ги третира за деловна тајна, воколку истите не се општо познати. Документите кои му се ставени на располагање на Изведувачот (мостри, цртежи, скици, податоци, пресметки и сл.) треба прикладно да се штитат, остануваат во наша сопственост, не смеат да им се препуштаат на неовластени лица или на друг начин да станат достапни и при предавањето на испораката/услугата ни се враќаат.Повредата на овие услови без оглед на вината и без последица за останатите права, обврзува кон плаќање на казна од 1.500.000,00 денари по случај на повод на налогодавачот, која не подлежи на заштита пред судот, и задолжително оваа обврска и предвидена казна се внесува во посебен член во Договорот за набавката.
8. Изведувачот односно Испорачателот одговара дека со испораката/услугата нема да се повредат правата на трети лица. Во однос на останатите права, Изведувачот односно Испорачателот не може да бара судска заштита односно надомест на штета.Со преземањето на нарачката, Изведувачот односно Испорачателот дава согласност податоците од овој деловен случај да можат да се дадат понатаму на трети лица (на пр. фирми за планирање, ко-сопственици на капитал, осигурувања) но сепак не на фирми конкуренти кои ќе бидат наведени како такви.
9. Изведувачот односно Испорачателот гарантира, дека испораките/ услугите од областа на информатичката технологија во однос на информациската сигурност одговараат на најсовремената техника. Изведувачот односно Испорачателот одговара за сите настанати штети, посебно како резултат на губење на достапноста, доверливоста или интегритетот на информатичките системи и/или податоци на налогодавачот, кои произлегуваат од недостаток на информатичка сигурност на испораката/услугата.
10. Изведувачот односно Испорачателот се грижи за тоа дека како неговите вработени, така и вршителите на услуги се придржуваат кон законските прописи. Нив треба изрично да им се напомене, дека повредата на должноста за грижливост и држење во тајност може да повлече со себе барања за оштета, како и судска заштита.
11. Изведувачот односно Испорачателот се обврзува при изведувањето на налогот во Македонија, да се придржува кон важечките прописи за работно и социјално право, како и кон еколошките прописи.
12. Налогодавачот има право да објави моментално повлекување од Договорот, ако за имотот на Изведувачот е отворена стечајна постапка или ако отварањето на стечајна постапка за Изведувачот односно Испорачателот е одбиено поради непоседување доволно имот за покривање на трошоците на постапката.
13. Во Договорите за набавки задолжително да се внесе одредба за Договорена надлежност на суд, односно дека во случај на спор, ќе биде надлежен судот во Скопје. На Договорот ќе се примени македонското право. Јазик на Договорот е македонски.

(Издание април 2007)